КИРМ
КОМОРА НА ИЗВРШИТЕЛИ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
01 – 234
15. 02. 10 год.

# ГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ
## за работата на Комората на извршители на Република Македонија
## за периодот од 1 февруари 2009 до 31 јануари 2010 година

**Скопје, февруари 2010 год.**

ул."Максим Горки" бр.8-6 Скопје тел: 02 3239 877
e-mail: izvrsitelinarm@yahoo.com / komora.na.izvrsiteli@mt.net.mk

**Општ преглед на поставеноста и активностите на извршителите во Република Македонија**

Моментално, вкупниот број на извршители изнесува 77, а истите се распоредени на 11 подрачја на Основните судови во Република Македонија. Измените од минатата извештајна година во однос на бројот на извршители се однесуваат на именување на:

- 25 нови извршители од кои 13 именувани со Решение на Министерот за правда од 10.12.2008 со Повелба за именување од 06.02.2009,
- 11 именувани со Решение на Министерот за правда од 16.12.2009 со Повелба за именување од 27.01.2010 и
- 1 именуван со Решение на Министерот за правда 02.10.2009,

како и престанокот на функцијата извршител на лицата

- Гоце Станкоски, со Решение на Министерот за правда бр. 09-2718/2 од 23.06.2009 и на
- Владимир Станинов, со Решение на Министерот за правда бр. 09 - 4203/4 од 09.11.2009.

Битно е да се забележи и менувањето на седиште на еден извршител од подрачјето за Основен суд Охрид, Основен суд Струга и Основен суд Дебар, на подрачјето за Основен суд Прилеп и Основен суд Крушево.

На барање на Комората 60 извршители на ден 03.02.2010 година, пополнија и приложија до КИРМ анкетни листови, по чие сумирање, беа изведени следниве податоци:

**Вкупниот број на вработени лица изнесува –** 307 (повеќе за 76 лица од минатата година), од кои**,** 177 се дипломирани правници (повеќе за 30 лица од минатата година), 67 од нив имаат положено правосуден испит, додека 38 имаат положено извршителски испит.

Вкупниот број на помошници извршители, од анкетираните 60 извршители, изнесува –50 (повеќе за 13 лица од минатата година), додека бројот на заменици на извршители, вработени кај извршителите изнесува 7 (помалку за 1 лице од минатата година, бидејќи истото е именувано за извршител).

**Во однос на техничката опрема, 60 извршители, во своите канцеларии располагаат со:** 345 компјутери, (повеќе за 85 од минатата година) од кои сите се мрежно поврзани.

Во извештајната година, бројот на **вкупно примени барања за извршување кај 68 извршители**, изнесува **99.873**, додека бројот на **реализирани барања за извршување** изнесува **29.122.**

**Минатата 2008 година, број на примени барања за извршување, изнесувале 73.474 , значи зголемен е приливот за 26 %.**

**Во минатата година, процентот на завршени предмети изнесува 28%, а во оваа година изнесува 31,87%.**

**Ако не се земат во предвид примените предмети од ДПРМ,** кое освен што поднесува барање за извршување, во понатамошниот тек на извршувањето не го финансира истото, не плаќајки ги материјалните трошоци за прибирање на информации за имотната состојба на должниците, не авансира трошоци за ассистенција од полиција, за ангажирање на овластени проценители и за ангажирање на работници, превозни средства и складишта при одземање на подвижни предмети и.т.н

**Минатата година, примени се 40.141 предмет, а реализирани се 14.332 предмети, или завршени без ДПРМ, во 2008 година се 35,70%.**

**Оваа година, примени се 58.516 предмети, а реализирани се 22.901 предмет, или завршени без ДПРМ, во 2009 година се 39,13%.**

**За државата како доверител (и покрај претходно наведеното нефинансирање на текот на извршувањето) од вкупно примени 6.221 предмет се наплатени 100.281.156,00 денари или 1.638.580,98 €.**

**Минатата година биле вкупно наплатени 3.675.309.580,00 денари или 60.054.078 €, а оваа година вкупно се наплатени 4.776.914.857,00 денари или 78.054.164 €, или сите извршители вкупно наплатиле повеќе побарувања од минатата година за 29,97 %.**

Заради поголема прегледност и јаснотија, во прилог ви ја доставуваме табелата на збирни податоци од 2009 година, од месечните извештаи на сите извршители.

## I . Техничка и кадрова опременост на КИРМ

Во однос на **техничката опременост** на КИРМ, истата моментално располага со:

- 3 Десктоп Компјутери со MS Office,
- 1 лап топ компјутер,
- 3 принтера,
- 1 факс,
- 1 ЛЦД проектор,
- 2 фотокпира,
- 2 статични телефонски апарати,
- метален сеф,
- фотељи, мебел и работни бироа,

**Кадровскиот капацитет** на стручната служба на КИРМ, моментално се состои од три лица, кои се наоѓаат во редовен работен однос и тоа: секретар на КИРМ, секретар на Дисциплинска комисија на КИРМ и стручен соработник.

## II. Активности на КИРМ

## II А. Активности на КИРМ преку органите на КИРМ и поважни донесени акти

1. **Собрание на КИРМ,** (составено од сите именувани извршители и заменици на извршители), во текот на оваа извештајна година има одржано 1 редовно и 2 вонредни собранија, на кои беа донесени следниве поважни акти:

- на Собранието, одржано на ден **07.02.2009** година едногласно се усвоија:

  - годишниот извештај за работа на КИРМ за 2008 година,
  - годишниот финансиски извештај за 2008 и
  - планот за наредната година,
  - предлог-програмата за работата на КИРМ, изготвена од страна на Комисијата за стручна едукација на извршители и
  - предлог-програма за работата на КИРМ, изготвена од страна на Комисијата за информатичка дејност, и
  - Одлука за зголемување на месечната членарина од 5000 на 6000 денари.

- на Собранието, одржано на ден **11. 06.2009** година, поради истек на мандатот на членовите на Дисциплинската комисија на КИРМ од редот на судиите на ден 14.04.2009 година и на ден 08.06.2009 година, едногласно беа донесени:

  - одлуки за избор на нови членови на ДК на КИРМ,
  - одлука за формирање на солидарен фонд за економска помош на извршителите и
  - одлука за начинот на прибирање на средствата и висината на истите во Солидарниот фонд (преку прибирање со дополнителна месечна уплата на 10% од висината на чланарината).

- на Собранието, одржано на ден **16.01.2010 година**, едногласно беа донесени:

  - Заклучоци, како реакција на предлог измените на Министерството за правда на РМ на Законот за извршување, а
  - беше завземен и став на Собранието на КИРМ во однос на барањето на Адвокат Роберт Бабамов од Струмица за толкување на Тарифата.

2. **Управен одбор на КИРМ,** (составен од 7 члена), во текот на оваа извештајна година, има одржано 8 седници на УО, на кои беа донесени следниве поважни акти:

- Одлука за одржување на едукативна средба на извршители во периодот од 13 -15 март во хотел "Сириус", Струмица,
- Став на КИРМ во однос на Заклучоците од претставници на КИРМ со претставници на Царинската Управа и Државното Правобранителство,
- Заклучок за Усвојување на Програма за меѓународна соработка на КИРМ, поднесена од страна на Комисијата за меѓународна соработка на КИРМ,

- Одлука за состав на делегација на КИРМ, на конференцијата на МУСИ - Претседатели "Европа", со датум на одржување во периодот од 16 -17 април 2009 во Париз, Франција,
- Одлука за доделување на парична помош од 120.000 денари на семејството на загинатиот извршител Гоце Станковски,
- Одлука за одржување на работен состанок на претставници на КИРМ со претставници од Царинска Управа,
- Заклучок за водење евиденција на лицата кои се во работен однос кај извршителите, односно стажираат/волонтираат во извршителските канцеларии,
- Одлука со која се задолжува Надзорната комисија на УО на КИРМ да изврши надзор кај извршителот Владимир Станинов,
- Одлука за вработување на лицето Билјана Николовска на работното место Секретар на Дисциплинската комисија при Комората на извршители на Република Македонија,
- Одлука за состав на делегацијата на КИРМ на третата средба на членките на Евродунавската организација со датум на одржување од 7 - 9 октомври 2009 во Република Словачка, Високе Татри,
- Одлука за состав на Комисијата за изготвување на Правилник за солидарен фонд на КИРМ,
- Одлука за одржување на семинар на КИРМ, заедно со претседателите на основните судови и советите во Апелационите судови во РМ, во организација на КИРМ и УСАИД,
- Одлука за формирање на работна група за селектирање и средување на карактеристичните пресуди на претседателите на судови во РМ,
- Одлука за присуство на делегација на КИРМ на Постојаниот Совет на МУСИ во периодот од 26 и 27 ноември 2009 во Париз,
- Заклучок за состав на делегација на КИРМ за идни состаноци и семинари на БЕРП (планирани во регионот),
- Заклучок за известување на претседателите на судовите, да го применуваат членот 77 и да не ги задолжуваат извршителите со такси за дадено изјаснување по приговор,
- Одлука за измени на досегашниот образец на Решението, донесено од страна на УО, со кое се предлага поведување на дисциплинска постапка за сторена дисциплинска повреда, во смисла на детално наведување на наводните дисциплински повреди, истакнати во Извештајот на Министерството за правда на РМ за извршен надзор врз работата на извршителот,
- Заклучок во однос на дописот - барање мислење од Државниот завод за статистика на РМ,
- Одлука со која се задолжува Комисијата за информатичка технологија да определи лице за IT експерт за софтвер на Комората,
- Одлука за набавка на 67 книги од професорот Арсен Јаневски,

- Одлука за одржување на Новогодишен коктел на КИРМ на 22.12.2009,
- Одлука за состав на Комисија за примопредавање на предмети од извршителот Владо Станинов.

### - Одлуки на УО на КИРМ во однос на извештаите доставени од Министерство за правда, по спроведеното вршење на редовниот и вонредниот надзор над извршителите

Согласно одлуката на УО од 19.03.2008 година, сите извештаи од Министерството за правда за извршен надзор над работењето на извршителите, се доставуваат на разгледување до Управниот одбор на КИРМ и во случај да се утврди основ за поведување на дисциплинска постапка Управниот одбор постапката ја иницира во името на КИРМ како овластен законски подносител според чл. 59 став 5 од ЗИ.

Управниот одбор на КИРМ, во извештајната година разгледа вкупно **136 извештаи** за извршен вонреден и редовен надзор над работата на извршителите од страна на Министерството за правда, по повод кои донесе свои мериторни одлуки и **41 приговор** од странки кои барале да се изврши надзор и тоа:

На седницата на ден 3.04.2009 година беа разгледани вкупно 38 приговори од странки кои барале да се изврши надзор над работата на извршителите и се донесени 27 одлуки со кои барањето на надзор се одбива и се констатира дека извршителот постапувал согласно ЗИ и подзаконските акти и 11 заклучоци на УО со кои се одложува одлучувањето и се задолжува извршителот да се произнесе по наводите од приговорот.

На седницата на 07.07.2009 година беа разгледани 14 приговори од странки и се донесени одлуки со кои се констатира дека извршителот постапувал согласно закон. Разгледани се вкупно 87 извештаи од Министерството за правда и Управниот одбор донесе 13 решенија со кои не се предлага дисциплинска постапка, 5 заклучоци за одложување донесување на одлука заради барање одговор или списи од предмет од извршител, 3 заклучоци со кои извештајот се доставува до Надзорната Комисија при КИРМ, и 78 заклучоци со кои се констатира дека по спроведениот надзор Министерството за правда утврдило дека извршителот работи во согласност со Законот за извршување и подзаконските акти.

На седницата на 01.09.2009 година беа разгледани вкупно 16 извештаи од Министерството за правда и Управниот одбор донесе 2 решенија со кои се предлага дисциплинска постапка, 1 решение со кое не се предлага дисциплинска постапка, 4 заклучоци за одложување донесување на одлука заради барање одговор или списи од предмет од извршител, 9 заклучоци со кои се констатира дека по спроведениот надзор Министерството за правда утврдило дека извршителот работи во согласност со Законот за извршување и подзаконските акти.

На седницата на 22.10.2009 година беа разгледани вкупно 20 извештаи од Министерството за правда и Управниот одбор донесе 1 решение со кое не се предлага дисциплинска постапка и 19 заклучоци со кои се констатира дека по

спроведениот надзор Министерството за правда утврдило дека извршителот работи во согласност со Законот за извршување и подзаконските акти.

На седницата на 18.11.2009 година беа разгледани вкупно 13 извештаи од Министерството за правда и Управниот одбор донесе 1 решение со кое не се предлага дисциплинска постапка 1 заклучок со кој со кои извештајот се доставува до Надзорната Комисија при КИРМ и 12 заклучоци со кои се констатира дека по спроведениот надзор Министерството за правда утврдило дека извршителот работи во согласност со Законот за извршување и подзаконските акти.

**3. Надзорен одбор на КИРМ** (сосатвен од 3 члена) во текот на оваа извештајна година, има одржано три средби, на кои беше донесна Одлука за отворање на дополнителна жиро сметка на КИРМ со намена за прилив на средства од Солидарниот фонд на КИРМ, беше донесен и Извештај за извршен надзор за финансиско и материјално работење на КИРМ за 2009 година и надзор на финанискиот план на КИРМ за 2010 година.

**4. Комисија за стручна едукација на извршители** (составена од пет члена) во текот на оваа извештајна година, има одржано една средба, на која беше изготвена предлог програма за едукативни активности на извршители за следната 2010 година.

**5. Комисија за меѓународна соработка** (составена од пет члена) во текот на оваа извештајна година, има одржано 1 средба, на која беше изготвена предлог програма за меѓународна соработка на КИРМ за 2009 година.

**6. Комисија за соработка со јавни институции и државни органи** (составена од пет члена) во текот на оваа извештајна година одржа една работна седница (средба со претставници од Градско собрание), на која беа усвоени повеќе заклучоци, а со содржината на Записникот од седницата беа запознаени сите извршители во РМ.

**7. Комисија за информатичка дејност** (составена од пет члена) во текот на оваа извештајна година, има одржано 5 средби, на кои беа превземени активности за осмислување и изработка на WEB страна на КИРМ, беше проширена содржината на WEB страната со можност за огласување на јавни продажби од страна на извршителите, а беше изготвена и предлог програма за работа на Комисијата за следната 2010 година.

**8. Дисциплинската комисија на КИРМ** (составена од двајца членови од редот на извршителите и тројца судии од подрачјето на Основниот суд за кое извршителот е именуван, како и тројца заменици членови на ДК од редот на судиите),

До Комората на извршители на РМ во периодот од 1 февруари 2009 год. до 1 февруари 2010 год. беа доставени **вкупно 204 поднесоци** од странки со кои се приговара на начинот на работа на извршителите. По предходни извиди во поднесоците доколку беа утврдени формални недостатоци, доставено е барање за уредување од страна на Стручната служба на КИРМ до странката и онаму каде што не беше постапено по истото, КИРМ ги отфрли овие поднесоци како неуредни.

Сите останати се доставени до конкретниот извршител со барање за произнесување по наводите од поднесокот.

По 33 поднесоци сеуште се чека одговор од извршител, од кои по 6 од овие поднесоци испратени се и ургенции за одговор од страна на КИРМ, додека 14 поднесоци се отфрлени како неуредни, недозволени или поради ненадлежност, еден е повлечен со поднесок за повлекување од странка.

По пријавите по кои е добиен одговор од страна на извршителот оформени се предмети и доставени на одлучување до Претседателот согласно чл.69 или до Дисциплинската Комисија на КИРМ согласно чл.54 од Законот за извршување.

64 од овие поднесоци се однесуваат на примена на Тарифата за награда и други трошоци за работа на извршителите и се доставени до Претседателот на КИРМ , **92** се однесуваат на дисциплински повреди и доставени до ДК на КИРМ.

Дисциплинската комисија при КИРМ достави

- 11 известувања до Народниот правобранител на РМ по пристигнати барања за известување со барање за превземање дејствија од страна на НП на РМ а по повод претставки од граѓани кои се однесуваат за постапување на извршителите.
- 2 писмени одговори со барани списи од ДП предмет до Јавното Обвинителство на РМ по основ барање податоци во врска со поднесена пријава до КИРМ за постапување на конкретен извршител.
- 2 писмени одговори до Основен суд со дисциплински предмети во оригинал по барање известување од судот за исход на конкретна дисциплинска постапка против извршител.
- свој образложен одговор до Уставниот суд по повод поднесено барање за заштита на слободите и правата, повредени и со актот Решение ДП на Дисциплинската комисија при КИРМ.

Дисциплинска комисија при КИРМ во текот на оваа извештајна година, од 1 февруари 2009 година до 1 февруари 2010 година, своите активности ги спроведе одржувајќи работни состаноци и седници на Дисциплинската Комисија.

Сите пријави се разгледани од страна на членот известител на Дисциплинската комисија од редот на извршителите и изработен е писмен реферат согласно Правилникот за работа на Дисциплинската комисија.

Во Уписникот на дисциплински предмети на КИРМ заклучно со ден 01.02.2009 година заведени се вкупно **278 Дисциплински предмети** против извршители.

***Дисциплинската комисија при Комората на извршители на РМ, во периодот од 1 февруари 2009 година до 1 февруари 2010 година одржа 30 седници.***

**1.** На ден 23.01.2009 година одржана е седница за подрачјето на Основен суд Скопје 1 Скопје и Основен суд Скопје 2 Скопје

На седницата разгледани се 21 дисциплински предмети.

2. На ден 09.02.2009 година одржана е седница за подрачјето на Основен суд Тетово

На седницата разгледани се 4 дисциплински предмети.

3. На ден 20.03.2009 година одржана е седница за подрачјето на Основен суд Куманово и Основен суд Крива Паланка

На седницата, разгледани се 2 дисциплински предмети.

4. На ден 23.03.2009 година одржана е седница за подрачјето на Основен суд Кочани, Берово, Основен суд Виница и Основен суд Делчево

На седницата разгледани се 5 дисциплински предмети.

5. На ден 25.03.2009 година одржана е седница за подрачјето на Основен суд Битола, Основен суд Ресен

На седницата разгледани се 4 дисциплински предмети.

6. На ден 01.04.2009 година одржана е седница за подрачјето на Основен суд Охрид, Основен суд Струга и Основен суд Дебар

Спроведени се само извиди во 1 ДП предмет, седницата е одложена заради отсуство на член на ДК од редот на судиите.

7. На ден 09.04.2009 година одржана е седница за подрачјето на Основен суд Охрид, Основен суд Струга и Основен суд Дебар

На седницата разгледани се 2 дисциплински предмети.

8. На ден 13.04.2009 година одржана е седница за подрачјето на Основен суд Битола и Основен суд Ресен

На седницата разгледани се 3 дисциплински предмети.

9. На ден 05.05.2009 година одржана е седница за подрачјето на Основен суд Основен суд Скопје 1 Скопје и Основен суд Скопје 2 Скопје

На седницата разгледани се 14 дисциплински предмети.

10. На ден 08.05.2009 година одржана е седница за подрачјето на Основен суд Тетово

На седницата разгледани се 3 дисциплински предмети.

11. На ден 14.07.2009 година одржана е седницата за подрачјето на Основен суд Свети Николе и Основен суд Штип

Спроведени се само извиди во 4 предмети, седницата е одложена заради отсуство на член на ДК од редот на судиите.

**12.** На ден 18.09.2009 година одржана е седница за подрачјето на Основен Свети Николе и Основен суд Штип

Спроведени се само извиди во 5 предмети, седницата е одложена заради отсуство на член на ДК од редот на судиите.

**13.** На ден 25.09.2009 година одржана е седница за подрачјето на Основен суд Штип и Основен суд Свети Николе

На седницата разгледани се вкупно 5 дисциплински предмети.

**14.** На ден 24.09.2009 година одржана е седница за подрачјето на Основен суд Скопје 1 Скопје и Основен суд Скопје 2 Скопје

На седницата разгледани се вкупно 9 дисциплински предмети.

**15.** На ден 20.10.2009 одржана е седница за подрачјето на Основен суд Скопје 1 Скопје и Скопје 2 Скопје

Седницата е одложена заради отсуство на член на ДК од редот на судиите.

Спроведени се само извиди во 4 ДП предмети.

**16.** На ден 02.11.2009 година одржана е седница за подрачјето на Основен суд Битола и Основен суд Ресен

На седницата разгледани се вкупно 8 дисциплински предмети.

**17.** На ден 04.11.2009 година одржана е седница за подрачјето на Основен суд Кочани, Основен суд Берово, Основен суд Виница и Основен суд Делчево

На седницата разгледани се вкупно 12 дисциплински предмети.

**18.** На ден 06.11.2009 г. одржана е седница за подрачјето на Основен суд Прилеп и Основен суд Крушево

Седницата е одложена заради отсуство на член на ДК од редот на судиите

Спроведени се само извиди во 5 ДП предмети.

**19.** На ден 09.11.2009 година одржана е седница за подрачјето на Основен суд Охрид, Основен суд Струга и Основен суд Дебар

Седницата е одложена заради отсуство на член на ДК од редот на судиите.

Спроведени се само извиди во 5 ДП предмети.

**20.** На ден 12.11.2009 година одржана е седница за подрачјето на Основен суд Скопје 1 Скопје и Основен суд Скопје 2 Скопје

Седницата е одложена заради отсуство на член на ДК од редот на судиите.

Спроведени се само извиди во 5 ДП предмети.

**21.** На ден 23.11.2009 година одржана е седница за подрачјето на Основен суд Битола и Основен суд Ресен

На седницата разгледани се вкупно 7 дисциплински предмети.

**22.** На ден 24.11.2009 година одржана е седница за подрачјето на Основен суд Крушево и Основен суд Прилеп

На седницата разгледани се вкупно 6 дисциплински предмети.

**23.** На ден 01.12.2009 година одржана е седница за подрачјето на Основен суд Кочани, Основен суд Делчево, Основен суд Виница и Основен суд Берово

На седницата одржан е главен претрес по (1) еден ДП предмет.

**24.** На ден 01.12.2009 година, одржана е седница за подрачјето на Основен суд Кочани, Основен суд Берово, Основен суд Виница и Основен суд Делчево

На седницата разгледани се вкупно 3 дисциплински предмети.

**25.** На ден 10.12.2009 година, одржана е седница за подрачјето на Основен суд Основен суд Дебар, Основен суд Струга и Основен суд Охрид

На седницата одржан е главен претрес по 2 ДП предмети.

**26.** На ден 10.12.2009 година, одржана е седница за подрачјето на Основен суд Основен суд Дебар, Основен суд Струга и Основен суд Охрид

Разгледани се 7 ДП предмети.

**27.** На ден 24.12.2009 година, одржана е седница за подрачјето на Основен суд Основен суд Битола и Основен суд Ресен

На седницата одржан е главен претрес по 1 еден ДП предмет.

**28.** На ден 24.12.2009 година, одржана е седница за подрачјето на Основен суд Основен суд Битола и Основен суд Ресен

На седницата одржан е главен претрес по 1 еден ДП предмет.

**29.** На ден 24.12.2009 година, одржана е седница за подрачјето на Основен суд Основен суд Битола и Основен суд Ресен

Разгледан е 1 еден ДП предмет.

**30.** На ден 25.12.2009 година одржана е седница за подрачјето на Основен суд Тетово

Седницата е одложена заради отсуство на член на ДК од редот на судиите.

Спроведени се само извиди во 1(еден) ДП предмет.

На одржаните седници беа разгледани вкупно **120** дисциплински предмети и беа донесени следните одлуки на ДК:

**77 решенија** со диспозитив ; "да не се поведува дисциплинска постапка за сторена дисциплинска повреда"

**3 решенија** со диспозитив: "се поведува дисциплинска постапка"

**2 решенија** со диспозитив: "се доставува на надлежност на Претседателот на КИРМ согласно член 69 од ЗИ"

**6 решенија** со диспозитив: "се констатира повлекување на пријавата"

**6 решенија** со диспозитив: "пријавата се отфрла како неуредна"

ДК ги донесе следниве **заклучоци** :

**1 заклучок** за спојување на ДП предмет и **19 заклучоци** за одложување на претходна постапка заради прецизирање на произнесување и прибирање дополнителни списи од предмет, **3 заклучоци** за главен претрес.

Дисциплинската комисија донесе **3 решенија** за изрекување на дисциплинки мерки и тоа:

- **1 решение** за усно предупредување на извршител
- **1 решение** за изрекување на усна опомена заради неуредност на извршител
- **1 решение** за изрекување на писмена опомена на извршител.

До Дисциплинската комисија како првостепен орган беа поднесени **2 жалби** по ДП решенија, **кои беа проследени до Министерот за правда** како орган надлежен да решава во втор степен по одлуките на ДК, согласно чл.59 ст.6 од Законот за извршување. Овие жалби Министерстерот за правда **со решенија ги отфрли како недозволени**. ДК по повод овие решенија, на одржаните седници на ДК со сите комисии по подрачја, донесе свој заклучок со содржина :

"Извршителот нема право на жалба до Министерот на правда на Решение на Дисциплинска Комисија на КИРМ со кое се одлучува дали се поведува дисциплинска постапка против извршител по повод пријава од овластен подносител.

Извршителот има право на жалба, согласно чл. 59 став 6 од Закон за извршување, против одлука на Дисциплинската комисија при КИРМ со која се одлучува за дисциплинска одговорност на извршителот ".

**Број на надзори од Министерство за правда доставени до КИРМ во оваа извештајна година е 135 извештаи .**

Надзорната комисија при УО на КИРМ спроведе 3 надзори во канцеларијата на извршител по повод одлука на УО а врз основа извештај за извршен назор од Министерство за правда. Констатирано е дека по повод наводите од извештајот од правда извршителот се корегирал и ги отстранил утврдените пропусти од извешттајот за надзор на овластените лица од Министерството за правда.

Во контекст на останатите приговори, за кои е надлежен да дава мислење **Претседателот на КИРМ**, ви ги приложувам следниве податоци: од вкупна бројка од **88** приговори, пристигнати во КИРМ, во текот на оваа извештајна година, беа решени **51.**

Покрај горенаведената законска обврска за одлучување по Приговори, Претседателот на КИРМ одржуваше средби со странки еднаш до двапати месечно во текот на оваа извештајна година, активно учествуваше во работната група за измени и дополнувања на ЗИ при Министерството за правда на РМ, а беше член на повеќе делегации на КИРМ за време на состаноците со домашните институции, средбите и сесиите на Меѓународната Унија на судски извршители и нејзината под група – Евродунавската организација, состаноците со невладините организации како УСАИД, ЦИРА и БЕРП и активностите кои тие ги организираа заради потребите на КИРМ, состаноците со странски делегации со цел пренесување на позитивните искуства од воведувањето на приватниот систем на извршување во РМ, беше претставник на КИРМ во активностите организирани од БЕРП на територијата на поранешните југословенски републики, а воедно даде повеќе интервјуа и изјави за медиумите во однос на работата на извршителите, проблемите со кои тие се соочуваат и начинот на нивното совладување, со што настојуваше да придонесе за приближување и поблиско запознавање на граѓаните со извршителската професија и работата на Комората на извршители на РМ.

## II. Б. Активности на КИРМ - одржани едукативни средби, обуки и свечени настани

Во текот на оваа извештајна година, заради стручна обука и едукација на извршителите на РМ, КИРМ одржа 2 семинара, и тоа:

1. ***Семинар на ден 13 –15.03.2009, во Струмица , на тема:***

   ***Извршување заради наплата на парични побарувања:***

- **Извршување врз подвижни предмети** - *иницијатор на дискусија, извршител Христо Јованов*
- **Извршување врз акции и врз удел во трговско друштво** - *иницијатор на дискусија, извршител Гордан Станковиќ*
- **Извршување врз парично побарување на должник и извршување врз побарување да се предадат или испорачаат подвижни предмети или да се предаде недвижност** - *иницијатор на дискусија, извршител Снежана Фитеска*
- **Извршување врз недвижности** - *иницијатор на дискусија, извршител Саветка Георгиева*

- **Извршување заради остварување на непарично побарување** - *иницијатор на дискусија, извршител Алберто Ребула*
- **Воедначена примена на тарифа** - *иницијатор на дискусија, извршител Антонио Коштанов*
- **Архивско работење на извршителска канцеларија и софтвер и потреба од надградба** - *иницијатор на дискусија, извршител Благојче Кипровски.*

***2. Семинар во периодот од ден 25 -27 септември 2009 година, во Крушево , на следниве теми:***

**1) Извршни исправи донесени во вонпарнична постапка " -** *Предавач, проф д-р Арсен Јаневски, Правен факултет "Јустинијан I", при Универзитет „Св.Кирил и Методиј" Скопје*

2) **"Проблеми при извршувањето врз подвижни предмети"-** *Предавач, г-дин Владимир Бабунски, судија при Врховен суд на РМ*

**3) "Извршување врз недвижности за кои не е востановен новиот Катастар"***Предавач, проф.д-р Родна Живковска Правен факултет "Јустинијан I", при Универзитет „Св.Кирил и Методиј" Скопје*

4) **"Правни последици при отварање на стечајна постапка и ликвидација"***Предавач Г-ѓа Петранка Ташева, судија при Основен суд Струмица*

КИРМ, оваа година одржа **два свечени настани** и тоа: прослава на три години од формирањето на КИРМ,

- на ден 11.06.2009 година (Светски ден на извршителите), во хотел "Континентал" и
- новогодишен коктел, на ден 22.12.2009 година, повторно во хотел "Континентал".

## II. В Меѓународни активности на КИРМ

Оваа извештајна година, КИРМ, со своите активности беше особено присутна на меѓународен план. Делегација на КИРМ учествуваше на два состанока на Постојаниот Совет на МУСИ во Париз (Франција) и на една средба организирана од страна на Евродунавската организација при МУСИ, која се одржа во Словачка во месец ноември 2009 год. Покрај ова, претставници на КИРМ, учествуваа на семинарот за јавна и приватна правда во Дубровник, во рамките на кој се одржа и конференција на тема " приватизирање на извршителските услуги " (посетена од претставници на МУСИ, странски експерти и претставници од земјите на Западен Балкан), на која претседателот на КИРМ имаше свое излагање за донесувањето на Законот за извршување, состојбата на извршувањето во РМ и степенот на успешност во работата на извршителите.

Покрај ова, претставници на КИРМ земаа учество во својство на консултанти на работилницата организирана од страна на БЕРП (Проектот за реформа на извршувањето на Балканот) во Приштина (Косово) во месец октомври 2009 год.

Битно е исто така да се напомене и присуството на повеќе извршители од РМ на **XX Конгрес на МУСИ**, кој се одржа во Марсеј (Франција) во месец септември 2009 година, а кој беше исклучителна можност за размена на искуства и дружење со извршителите од целиот свет.

Сепак, настан кој го одбележа овогодинешното промовирање на приватниот систем на извршување во РМ и делење на искуствата од тригодишната работа на извршителите во РМ, беше одржувањето **на Балканската конференција за извршување,** која се одржа во Скопје во месец јуни 2009 година, а во која како ко-организатор, заедно со холандскиот центар за меѓународна правна соработка ЦИЛЦ (а преку холандскиот проект БЕРП), германската невладина организација ГТЗ, и Меѓународната Унија на судски извршители (МУСИ), се јави и Комората на извршители на РМ. Значењето на овој настан, беше одбележано и преку присуството на оваа конференција на тогашниот Претседател на МУСИ (г-дин Жак Иснард) и тогашниот потпретседател, а сега – после Конгресот во Марсеј, актуелен Претседател на МУСИ (г-дин Лео Нетен), како и на истакнати правници (судии и професори) и експерти од сите држави од Западен Балкан, со цел истакнување на македонскиот модел на извршување како еден од најуспешните на овие простори и зацврстување на соработката со Коморите и здруженијата на извршители од соседните држави.

Во духот на прибирање информации за позитивните аспекти од приватниот систем на извршување во РМ, но и за постоечките проблеми со кои се соочуваат извршителите во нашата земја, а со цел воведување на сличен систем во Република Хрватска, беше и посетата на Хрватската делегација, составена од претставници од Министерството за правда на Хрватска и судии од Врховниот суд на Хрватска, а во време на одржувањето на Конференцијата.

Интересот за функционирањето на извршувањето во РМ, беше повторно истакнат преку посетата на нашата Комора, од страна на судии од држави – членки на ЕУ, кои престојуваа во повеќедневна посета на Република Македонија, а по покана на Академијата за обука на судии и јавни обвинители на РМ, во рамките на програмата за размена на Европската правосудна мрежа за обука. Со ова, доаѓа до израз континуирано добрата соработка на КИРМ со Академијата за обука на судии и јавни обвинители на РМ .

## III. Односи на КИРМ со домашни и странски институции

### III. А Односи на КИРМ со домашни институции

#### 1. Односи со Министерството за правда на РМ

Нивото на односите помеѓу КИРМ и Министерството за правда на РМ, е од исклучително значење, пред се, поради поставеноста на МП како институција која ја контролира работата на извршителите на РМ и на самата Комора.

КИРМ во текот на оваа година има одговорено на речиси сите барања кои и биле упатени од страна на МП, во смисла на учество на претставници на КИРМ во работни групи за изготвување на закони, а како особено значајно е присуството

на Претседателот на КИРМ во работната група при МП за измени и дополнувања на Законот за извршување, како и учество на тркалезни маси и одговарање на прашалници за потребите на МП, ажурно доставување на податоци од секаков карактер за членовите на КИРМ. Треба да се напомене дека извршителите редовно доставуваат месечни извештаи за својата работа до МП.

Министерството за правда на РМ е редовно известувано и консултирано за сите проблеми со кои се соочуваат извршителите во спроведувањето на Законот за извршување, но и за проблемите кои се јавуваат помеѓу КИРМ и останатите институции.

Исто така, претставници од МП, се без исклучок поканувани на сите семинари и обуки на извршителите, после кои до МП се доставуваат записници, заклучоци и известувања за донесување на акти на КИРМ.

Сепак, со жалење констатираме дека односот на Министерството за правда на Република Македонија кон Комората на извршители на Република Македонија, не би можел да се оквалификува дека се подобрува, туку напротив, со последните превземени активности на оваа институција во однос на измените и дополнувањата на Законот за извршување, истата демонстрираше непочитување на ставовите завземени за време на работните средби на Работната група составена за таа цел, а во која свое учество за цело време, повеќе од една година, колку што се работеше на измените и дополнувањата на Законот за извршување имаше и претставник на Комората.

Од особена важност за поволниот развој на односи помеѓу нашите две институции е меѓусебната доверба во намерите за создавање на подобар Закон за извршување, со почитување на искуството од практичната примена на законот и согледување на неговите пропусти и недостатоци пред се од страна на извршителите, кои го применуваат во практиката и секојдневното работење со него, а со цел за унапредување на системот на извршување во РМ во целина.

## 2. Односи на КИРМ со други институции

КИРМ иницира одржување на средби со сите институции кои имаат допирни точки со работата на извршителите, со цел да се изнајдат решенија за конкретни проблеми на кои наидуваат извршителите при вршењето на нивната работа.

Со Државното правобранителство на РМ, во текот на оваа извештајна година беа остварени три средби, заради надминување на проблемите на кои наидуваше оваа институција при спроведувањето на Законот за извршување.

Што се однесува до активноста на КИРМ со **основните судови на подрачјето на Република Македонија**, КИРМ редовно ги проследува решенијата за времена мерка, до сите извршители на подрачјето на судот кој го донесува решението. Покрај тоа, контактот на КИРМ со судовите во РМ постои и во однос на составот на ДК на КИРМ, во која членуваат по тројца судии од подрачјето на судот и тројца заменици членови на ДК од редот на судиите за кое извршителот е именуван.

Во однос на соработката на КИРМ со **Државната комисија за спречување на корупција на РМ,** по именувањето на наш член во оваа Комисија, истиот редовно и без исклучок ги посетуваше состаноците на оваа Комисија, за чија содржина извршителите на РМ беа информирани со извештај.

## III Б. Односи на КИРМ со невладини и странски институции

На големо задоволство на КИРМ и оваа година продолжи соработката помеѓу КИРМ и **УСАИД/проектот за имплементација на судските реформи,** која несомнено ќе подразбира голема помош и олеснување за КИРМ, при трансферот на предмети од судовите кај извршителите, но и можност за извршителите да присуствуваат на обуки и семинари, финансиски покрепени од овој проект. Во тој контекст, ќе споменам дека УСАИД во соработка со Македонскиот институт за медиуми организираше две работилници за извршителите на тема "Односи со јавност и медиуми" и "Изработка на комуникациска стратегија", кои се одржаа во месец март и април 2009 година соодветно.

Соработката со невладината организација **ЦИРА** се состоеше во одржување на 1 работилница за "Проектен дизајн" во месец јуни 2009 година.

Членството на КИРМ во **МУСИ и во Евродунавската организација,** како дел од МУСИ, подразбира учество на состаноци и средби кои овие организации редовно ги одржуваат, а на кои КИРМ, оваа извештајна година зема активно учество, со присуството на нејзина делегација на средбите на Евродунавската организација, одржани во Словачка и во Франција (за време на Постојаниот Совет на МУСИ)

Активната поддршка која на КИРМ и ја пружа **проектот БЕРП " Регионална програма за поддршка на правото на извршување во земјите Западен Балкан**", е погоре илустрирана, како преку одлуката за одржување на Балканската конференција во Скопје, така и преку постојаните покани од страна на менаџерите на овој проект за учество на наши претставници на работилници и семинари во земјите од Западен Балкан, со цел промовирање на македонскиот систем на извршување, но и обука на извршителите од РМ за европските и светските стандарди во извршувањето, преку предавања на странски експерти во Република Македонија и странство.

Сепак, најголемата помош на овој проект за извршителите во РМ и Комората на извршители на РМ, претставува паричната помош за набавка на софтвер за потребите на КИРМ за кој беше и распишан тендер од страна на ГТЗ.

### Планови на КИРМ за 2010 година

Плановите на КИРМ за следната година, на полето на финасиите, се насочени кон нов прилив од членарина на новоименуваните извршители.

Особен акцент се планира да биде ставен на континуираната едукација на извршителите и тоа преку одржување на поголем број на семинари, на кои како предавачи ќе бидат поканети домашни и странски експерти од сферата на извршувањето, но и на останатите области на правото. Веќе во текот на месец

февруари планирана е средба на извршителите со претседателите на судовите на РМ заради воедначување на судската пракса, а на која како предавачи ќе се јават судии од Врховниот суд на РМ и странски судии и експерти, а исто така, во наредните месеци договорени се и работилници на тема " стрес менаџмент" , на кои во помали групи ќе присуствуваат сите извршители, а како како обучувачи ќе се јават познати психијатри и психолози, а сето ова повторно финансиски потпомогнато од УСАИД.

Меѓународната промоција и активност на КИРМ ќе продолжи да биде една од битните цели на КИРМ, и се надевам дека истата ќе биде успешно остварувана, преку активностите на КИРМ во МУСИ и Евродунавската организација, но КИРМ си поставува задача да иницира и средби со регионалните комори и да ги зацврсти билатералните односи со истите, заради размена на искуста.

Во однос на релациите со домашните институции, нам ни е мошне важно да се подобри соработката со МП особено, при составувањето на измените и дополнувањата на ЗИ во полето на трансферот на предмети од судовите кај извршителите, како и во областа на дисциплинската постапка и дисциплинската одговорност на извршителите. Воедно, по вооечените проблеми за примена во пракса на Законот за измени и дополнувања на Законот за облигационите односи („Сл. весник на РМ" бр.161 од 30 декември 2009 година), а со кој се менува видот и начинот на пресметка на затезната камата, КИРМ веќе покрена иницијатива во Министерството за правда за негова измена и дополнување и е во тек со активностите кои Министерството ги превзема во таа насока.

Добрата соработка со УСАИД со сигурност ќе продолжи со оглед на веќе најавените нови обуки и семинари .

**Скопје, 03. 02. 2010**

**КОМОРА НА ИЗВРШИТЕЛИ**

**НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**

**Претседател,**

**Антонио Коштанов**